ВЕВЧАНИ

**О П Ш Т И Н А  В Е В Ч А Н И**

Архивски знак: ....................
Рок на чување: ....................
.................... 20 ...... година
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Бр.** 04 – 180/12
08.05. **2025 год.**

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници ( Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Сл. весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 73/2025 бр. 10-551/7 од 28.04.2025 година, Градоначалникот на Општина Вевчани во постапката за вработување на административни службеници по Јавен оглас 73/2025, ја донесе следната:

ОДЛУКА
За избор на кандидати за вработување на административни службеници по пат на јавен оглас

1. По јавниот оглас за вработување на административни службеници во Општина Вевчани бр. 73/2025 објавен во дневните весници „Вечер", „Слободен печат" и „Коха" извршен е избор на кандидатите за административни службеници и тоа:
   - За работно место со шифра УПР 0101Б04000 и назив на работното место Раководител на Одделение за правни, општи работи и човечки ресурси 1(еден) извршител од предложената ранг листа **СЕ ИЗБИРА** кандидатот **Ѓорѓи Влајнкиноски** со идентификациски код FEAEE6B.
   - За работното место со шифра УПР 0101В01000 и назив на работното место Советник за нормативно-правни работи и човечки ресурси, Одделение за правни, општи работи и човечки ресурси 1(еден) извршител, од предложената ранг листа **СЕ ИЗБИРА** кандидатот **Зоран Радиноски** со идентификациски код А442ЕСА.
2. Именуваните ќе бидат вработени на неопределено време за горе наведените работни места, по конечност на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение.
3. Оваа одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавата на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација, а ќе се достави до избраните кадидати.

Образложение

На ден 27.03.2025 година во дневните весници „Вечер", „Слободен печат" и „Коха" и на страната на Агенцијата за администрација, беше објавен јавен оглас бр. 73/2025, за вработување на административни службеници на работни места УПР 0101Б04000 Раководител на Одделение за правни, општи работи и човечки ресурси 1(еден) извршител и УПР 0101В01000 Советник за нормативно-правни работи и човечки ресурси, Одделение за правни, општи работи и човечки ресурси 1(еден) извршител.

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас бр. 73/2025 година формирана со Решение бр. 10-551/3 од 04.04.2025 година од страна на Директорот на Агенцијата за администрација, ја има спроведено законски пропишаната постапка за вработување која се состои од: административна селекција со изготвен Записник бр.10-551/4 од 11.04.2025 година, испит за административен службеник со изготвен Записник бр. 10-551/5 од 25.04.2025 година и проверка на веродостојноста на доказите и интервју со изготвен Записник бр.10-551/6 од 28.04.2025 година,


ул. Населено место без уличен систем Вевчани, 6335 Вевчани
Tel: +389 46 78 46 40
contact@vevcani.gov.mk
www.vevcani.gov.mk

по што изготви Конечна ранг листа од сите фази на селекција и до Општина Вевчани достави предлог за вработување на кандидати по предметниот Јавен оглас.

Имајќи ја предвид спроведената постапка од сите фази на селекција, изготвената Конечна ранг листа и Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас, Градоначалникот на Општина Вевчани како раководно лице на институцијата, врз основа на член 45 од Законот за административни службеници, одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука, незадоволните кандидати имаат право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на истата на интернет страната и на огласнста табла на Агенцијата за администрација до Агенцијата за администрација.

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник,**
**Спасе Кочовски**

Република Северна Македонија ВЕВЧАНИ Општина Вевчани

**Доставено до:**

- **Архива**
- **Кандидати**
- **Агенција за администрација**


ул. Населено место без уличен систем Вевчани, 6335 Вевчани
Tel: +389 46 78 46 40
contact@vevcani.gov.mk
www.vevcani.gov.mk